Гоце Ристовски

# ВО СТРУМИЦА, НА УЛИЦА

Што и да буцнеш, ќе фати! Што и да посееш, какво ли семе да фрлиш, ќе роди. Не што ќе роди, ќе пероди - ќе истури! Таква е земјата во Струмичкото поле, во Струмичката котлина. И ете зошто овој крај е познат по квалитетните земјоделски производи, по пипер и патлиџан, чушки и френки по струмички. И веднаш да појасниме за оние што не знаат. Зошто ги викаат така струмичани? Од некои плодови се јаде семето, а од некои корупката, амбалажата, што би се рекло. А корупките во кои е затворено семето се нарекуваат чушки. Такви се и пиперките. Доматите, пак, ги нарекуваат френки по Французите. Сè до појавата, така вели една анегдота, на француските војници во Струмичко населението ги јадело зелени. И ден-денеска постојат многу рецепти за вкусни јадења подготвени со зелени патлиџани. Е, кога дошле Французите, ги подучиле дека треба да се стрпат, да почекаат доматите да созреат, да поцрвенат. И затоа во чест на Французите ги завикале френки - како што ги јаделе тие. Да му кажуваш на Французиштана дека кога ќе речеш френки, некому му оди умот на патлиџани, сочни и големи скоро колку тикви, ќе се чудат и ќе се фаќаат за глава. Ама во Струмичко е така.

## *Ѕвездени луѓе - ѕвезден град*

Струмичката котлина е заградена со планините Огражден, Беласица, Еленица, Плачковица и Плавуш. Речиси половината од овој југоисточен крај во Република Македонија е под шума. Даб, бор, бука, костен, орев, црн и бел бор, ела... Најубавите шуми се од 1.000 до 1.500 метри надморска височина. Долу плодно поле, горе бујни шумски пространства. Та, нели е тоа божја убавина? Ако се знае и дека во ова подрачје дури 230 дена во годината се сончеви со просечна температура од 13 Целзиусови степени - идеално не само за прекрасен одмор и рекреација, туку и за постојано живеење. Има и трето: покрај полето и шумите тука се и водите. Од планински извори, неколку вештачки езера, до реката Струмица. Во Струмичко има не само обични води ами и топли, лековити и на далеку прочуени. Бањата во Банско е едно од најстарите познати лечилишта, а на изворот Парило водата клокоти со 72 Целзиусови степени. Значи овде е арно и за здрави, но и за болни што одново ќе

си го пронајдат загубеното здравје. А така било од векутума века (како што би рекол режисерот Бранко Ставрев, еден од најблескавите познавачи на руската литература и словенската душа). Се смета дека 5.000 години пред Христа на ова подрачје живееле Пеонци. Околу 2.500 година пр.н.е. античкото племе Добери го основало градот Добер, а на овој благопријатен предел Иорите го формирале градот Иор, а Астрите Астрион. Астрион се среќава меѓу осумте града на римската провинција Втора Македонија, првпат во 181 година пред нашата ера. Неговото име велат дека значи ѕвезден град, што го населувале ѕвездени луѓе. Да бидам искрен, многу некако ми е едноставно појаснувањето дека името било добиено според прекрасните ѕвездени ноќи на небото над овој крај. По мое, ѕвездениот град го населиле ѕвездените луѓе кои дошле директно од ѕвездите. Тие биле бележани - со ѕвезди на челото, како Александар. Кожата им била проѕирна како водите на блиското Пеонско Море. Во вените на овие стаклени луѓе течела сина крв. Од нив подоцна се развила „сината" раса. И, да скратам, велам по мое, тие биле првите човечки суштества што ја колонизирале планетава земја. Буфтам, значи, првите луѓе на земјата биле во Струмичко. Па така, рајската градина не е никоја друга туку струмичката. А Адам и Ева се првите струмичани. Од мене толку!

## *Не кажувај добра ноќ*

А, што се однесува до ѕвездените струмички ноќи тие за мене се посебна приказна. Особено ако низ нив те води така вешт водич како натурализираниот струмичанец Игор Џамбазов. Пред две лета, чинам, беше чест гостин на „Астерфест", меѓународна филмска манифестација, рожба на Горан Тренчовски. Некаде пред полноќ со писателот Александар Прокопиев се враќаме во хотелот, капнати од гледање филмови на платно и убави жени секаде наоколу. А тука пред хотелот налетавме на „нагазна мина".

- Каде сте птички, ајде одиме во ноќен живот - не пречекува Игор на влезот и мафта со рацете како со крилја. И не дава реплика, не признава оправдувања и „боледувања".

- Таксито доаѓа секој момент. Одиме - продолжува.

- Барем да облечеме нешто потопло, застуде, се заледивме - се обидувам да поентирам со алиби.

- Може само чорапи. Доволно е, ама бргу. Побрзајте птички - вели и се смее како струмичкото небо после летен дожд, а со рацете му дава знак на таксистот да почека.

И, така, ајде ред се редат струмички меани. Не кажувај добра ноќ во Струмица. Најзгодно време е во ноќта! Кафе во бавчата под

гимназијата. Па на диско во Домот на културата, па потем кон улицата (кафана до кафана), каде што незапирливо тече живот, тече младоста. Нешто слично само во Стамбол сум доживеал.

Се загледувам во споменикот на имењакот Делчев Војвода со погледот насочен кон Белото Море и со рацете подадени кон двете отсечени македонски гранки. А потем, го вртам погледот кон Домот на културата, каде што е сместен театарот, оти прекрасната стара театарска зграда веќе не се крости. И се сеќавам на Шишков кој Струмица ја носеше во немирното срце.

- Ќе се напиеме по една мастика - велам, колку за атар. Струмичка мастика. И се тешам во себе - ова не е моја прва струмичка ноќ. Јас не сум од вчера. Чинам како да сум завршил мала матура во овој сончев град. Моето искуство не е за потценување, сум ноќевал и со Ненад Стојановски и со Мите Грозданов... ,на фестивалот на камерен татар „Ристо Шишков“.

И ноќта чиниш исчезна. Ги изредивме сите кафулиња и, како што е редот, јадевме бурек во преполнетата бурекчилница.

## *Подгорец  од кај Колешино*

Се стопи ноќта во утринска белина како снегот на Царевите кули, под кои се љубеле двајца млади. Кој не верува, нека го праша писателот Митко Манџуков. Со него ептем ја тераме познатата песна. По консумирањето поезија во „Есенин“ фаќаме и терца. Тој влече прв, ја знае наизуст како и укитe и знајбите од големите книги, а јас по него кланкам како кљусе оти думите не ги знам.

А стихови од Есенин се уште трперат како листови на млада бреза во Струмица, на улица. Онака на руски, како што ги говорела професорката Елка Терзиева. „Пукаат“ стихови во воздухот како боите на платната на маестро Киро Урдин и брефтаат како белиот „мерцедес“ на белгискиот крал во кој се вози македонецот Киро, со грутка струмичка земја во џебот од која ги прави боите. А по стиховите, како утринска роса во Градскиот парк, се лепат на душите француските шансони на професорот Панче Караманов. Така било, шансоната уште недопеани на радиото, Панче ја пострумичил и ја викнал. А еве нови стихови идат на младиот Мазиров. Од лозата Маџировска на ангелот актер Игор, на музичарот Зоран.

А од кај Колешинските водопади дува силен Подгорец и го зафаќа таборот на Белото циганче на Видое.

Се мрестат облаците на небото над Струмин гроб. Убавицата што заради љубов ги „отвореила“ портите на неосвоивата тврдина. И денес девет реда бигор камен притискаат на нејзиниот гроб, оти

заради предавството татко и ја проколнал девет пати да биде закопана и нејзиното тело да биде исфрлано од земјата. Шумат водите од најголемиот македонски водопад во Смоларе и ја раскажуваат епопејата за цар Самуил, за неговата последна битка на Беласица, за 14-те илјади ослепени војници, во таа 1014 година. На тоа место денес е Водоча. Во Водоча чудесниот манастир Свети Леонтиј. Не се добројуваат црквите во Струмичко, каде што е откриена и најстарата фреска во Македонија. Која од која поубава, која од која позначајна. Меѓу нив Света Богородица Милостива во Вељуса, Светите 40 маченици севастиски во Банско, комплексот цркви Свети 15 тивериополски маченици, една од најстарите ранохристијански базилики на Балканот...

За Струмица не се докажува. „Ако згрешам, нека изгорам“, како што се пее во прекрасната песна на Ѓорѓи и Миле Барбаровски. Нив коренот им е во височините на Беласица, во Барбарево, а цветовите во Дабиле. Во дворот на нивната семејна куќа веќе го нема петлето Пепи. Така сведочи писателот Васе Манчев, од соседното Робово, човекот што му ја „открадна“ старата гитара на Андре Навара. А во Робово е и нивата на мојот пријател Ињо Мишев, на чие големо чело се запишани сите крупни датуми од македонската историја. На нивата еден ден ќе изникне базен. Ќе го изгради Ристо Босилски, со сликарска четка и звуци на флејта.